Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

**МФРСМ.Ф.8.5/9-2**

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**август, 2023 година**



MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е .......... 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР .......... 3
Индустриско производство .......... 3
Број на работници во индустријата .......... 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите .......... 5
Број на извршени градежни работи по видови објекти .......... 6
Промет во секторот трговија .......... 6
Инфлација .......... 7
Берзански цени .......... 9
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА .......... 10
Извоз .......... 11
Увоз .......... 12
Салдо на трговска размена .......... 13
Валутна структура .......... 14
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР .......... 14
Буџетски приходи според економската класификација .......... 14
Буџетски расходи според економската класификација .......... 15
Расходи по буџетски корисници .......... 16
Буџетско салдо .......... 18
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР .......... 18
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување .......... 18
Плати .......... 19
Пензии .......... 20
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР .......... 21
Примарни пари .......... 21
Депозитен потенцијал .......... 21
Кредити на банките .......... 22
Каматни стапки на депозитни банки .......... 23
Пазар на капитал .......... 23
Девизни резерви .......... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2023 година

- Индустриското производство во август 2023 година забележа пад од 5,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во август изнесува 8,3% на годишно ниво (8,4% во јули 2023 година) и веќе трет месец по ред е едноцифрена. На месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 1,2%;
- Во периодот јануари - август 2023 година извозот забележа раст од 2,0%, а увозот пад од 7,6%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 28,1% споредено со истиот период од 2022 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2023 година изнесуваа 175.738 милиони денари, односно 19,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 12,0% во однос на истиот период од 2022 година.;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2023 година изнесуваа 202.795 милион денари, односно 22,9% од БДП, што е за 20,7% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во август 2023 година се зголемија за 6,4% на годишно ниво, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во август 2023 година забележа пад од 5,1% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен од 8,5% и Преработувачка индустрија за 5,5%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст од 5,7%.




Раст на производството во август 2023 година бележат 8 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 35,5% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан кај производството на метали од 49,2%, со придонес од 2,9 п.п., додека намалување се забележува во гранките: производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 12,1% (придонес од -1,3 п.п.), производство на машини и уреди од 17,3% (придонес од -1,3 п.п.) и производство на електрична опрема од 12,9% (придонес од -0,8 п.п.).




Од традиционалните гранки зголемување на производството во август 2023 година се забележува единствено во прехранбената индустрија за 3,2%, со придонес од 0,3 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: производство на пијалаци за 2,4% со придонес од -0,1 п.п., производство на тутунски производи за 71,1% со придонес од -0,7 п.п., производство на текстил за 12,2% со придонес од -0,6 п.п., производство на облека за 10,1% со придонес од -0,7 п.п., производство на кожа за 55,4% со придонес од -0,4 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 54,7% и придонес од -0,6 п.п..

Намалувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во август 2023 година е резултат на намаленото производство во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 5,5%, придонес од -1,9 п.п.), Капитални производи (пад од 7,7%, придонес од -1,6 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 26,0%, придонес од -1,1 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 2,8%, придонес од -0,9 п.п.), додека зголемување на производството бележи само групата Енергија (раст од 1,1%, придонес од 0,1 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - август 2023 година индустријата забележа раст од 0,3%, што се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 22,4% (придонес од 1,6 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење камен за 5,1% (придонес од -0,5 п.п.) и Преработувачка индустрија за 1,0% (придонес од -0,8 п.п.).



Графикон 1.3а: Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2023 година)*
Извор: ДЗС



Графикон 1.3б: Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2023 година)*
Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - август 2023 година е регистриран во следните групи: Енергија (12,9%), Капитални производи (8,1%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (2,3%), додека пад се забележува во гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (за 9,1%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 3,9%),

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во август 2023 година е зголемен за 1,3% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,9%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен од 1,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 5,9%. Раст на бројот на работници се забележува во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 15,9%, поправка и инсталирање машини и опрема за 12,5%, и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати за 7%.



Графикон 1.4: Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*
Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи и тоа за 13,5%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - август 2023 година бележи раст од 0,9%, што се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 1,4%, а намалување на бројот на работниците бележат секторите Рударство и вадење камен за 2,5‘% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,2%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - август 2023 година е зголемен во групата Капитални производи за 12,6%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2023 година издадени се вкупно 344 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 9,0% во однос на истиот месец од 2022 година, како резултат на годишниот пад на издадените одобренија за градење за високоградба за 8,7% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 45,6%), како и за објектите за реконструкција, со намалување од 36,5%. Споредено со јули 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 22,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2023 година е пониска за 23,7% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст од 69,7%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 157 (или 45,6%) се наменети за објекти од високоградба, 121 (или 35,2%) за објекти од нискоградба и 66 (или 19,2%) за реконстркција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 344 издадени одобренија за градба, на 180 објекти (или 52,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 164 објекти (или 47,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во август 2023 година предвидена е изградба на 943

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(август 2023)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



станови со вкупна корисна површина од 66.791 м2. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 332,6%, а на годишно ниво за 83,5%.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Во јули 2023 година извршени се градежни работи во вкупна вредност од 2.697 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 10,2%, кај вискоградба за 5,6%, а кај нискоградба за 14,6%. Споредено со јуни 2023 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи пад од 8,5%, кај нискоградба од 16,0%, додека кај високоградба се забележува раст од 2,1%. Кумулативно, во периодот јануари – јули 2023 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 16.049 милион денари, што е за 6,0% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите седум месеци годинава се извршени градежни работи во вредност од 8.869 милиони денари, односно 5,8% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период се зголеми за 6,2% и изнесува 7.179 милиони денари.




На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - јули 2023 година се намали за 5,1%, при пад и кај нискоградбата (5,3%) и кај високоградбата (4,9%).

## Промет во секторот трговија

Податоците за внатрешната трговија во август 2023 година покажуваат номинален годишен раст на прометот од 2,6%, по растот од 1,9 % во јули. Вредноста на прометот во август 2023 година изнесува 67,289 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - август 2023 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 503.079 милиони денари, што е за 9,5% повеќе во однос на истиот месец минатата година.

Кумулативно, во перидот јануари - август 2023 година, позитивен раст на прометот е забележан и во секторите трговија со моторни возила, чија вредност на прометот изнесува 31,002 милиона денари, односно за 23,5% повеќе во однос на истиот месец минатата година, кај трговија на големо изнесува 270,498 милиони денари или за 11,4% повеќе во споредба со август минатата година и кај трговијата на мало вредноста на прометот за тој период изнесува 201,579 милиони денари, односно за 5,3% повеќе во однос на истиот месец претходната година.

На реална основа, трговијата на мало во август 2023 година бележи годишен пад од 9,0%, додека анализирано по групи и класи намалување е забележано во сите групи, и тоа: кај трговијата на мало со храна, пијалоци и тутун за 12,9%, кај трговијата на мало со автомобилски горива за 9,8% и кај трговијата на мало со непрехранбени продукти за 2,9%.


Графикон 1.9. Структура на прометот во секторот Трговија (август. 2023)


Во август 2023 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,85%), потоа Трговија на мало (40,25%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,91%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во август изнесува 8,3% (8,4% во јули 2023 година) при што овој месец бележи незначително забавување на годишниот раст од 0,1 п.п., со што трет месец по ред таа е едноцифрена.

Инфлацијата главно се должи на нивото на цените на храната, енергентите, но и на растот на базичната инфлација. Цената на струјата во јули 2023 година се зголеми како резултат на одлука на РКЕ поради враќањето на стапката на ДДВ од 10% на 18%, при што ја намали цената на енергијата за првиот блок, а ја зголеми за другите три блока.

Кумулативно, во првите осум месеци од 2023 година стапката на инфлација изнесува 12,2%.


Графикон 1.10: Инфлација според COICOP (*стапки на раст во %*)


Базичната инфлација во август (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) изнесува 7,4% на годишна основа (7,9% претходниот месец), што претставува постепено забавување. Најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата, како и цените во категоријата Разновидни стоки и услуги.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа забавување на растот, односно има намалување од 1,0 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесуваат 10,8% на годишно ниво. Придонесот на цените на храната во вкупната инфлација во август изнесува 4,4 п.п..

Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP (*придонеси во п.п.*)




Растот на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: месо (годишен раст од 13,9%, придонес 1,3 п.п.), зеленчук (годишен раст од 24,7%, придонес 1,1 п.п.) и млеко, сирење и јајца (годишен раст од 11,9%, придонес 0,9 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во август 2023 година е забележан во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 14,1%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Разновидни стоки и услуги од 10,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 8,5%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,2%, Облека и обувки од 5,6% Ресторани и хотели од 5,5%, Здравствена заштита и Рекреација и култура од по 5,3%, Образование од 2,8% и Транспорт и Комуникации од по 0,4%.

Стапката на инфлација во август се зголеми за 1,2% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 1,0%). Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци овој месец регистрира раст од 1,9% (раст од 1,0% претходниот месец), при што најголем придонес во растот на месечно ниво има зголемувањето на цените на млекото, сирењето и јајцата и зеленчукот од по 0,2 п.п. и на месото, лебот и житата и овошјето од по 0,1 п.п..

Во август 2023 година цените на мало се зголемија за 5,6% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,3%. Во првите осум месеци од 2023 година цените на мало се зголемија за 8,7%.

Графикон 12: Споредба на инфлација (годишни стапки на раст во %) меѓу земјите од Западен Балкан




Стапката на инфлација во еврозоната во август 2023 година изнесува 5,2% (5,3% во јули 2023 година).

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и тоа за 0,2 п.п. за 2023 и 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година е ревидирана надолу за 0,1 п.п.. Согласно најновите проекции, стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,6%, 3,2% во 2024 и 2,1% во 2025 година.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2023 година регистрира раст од 7,6% на месечно ниво и изнесува 86,2 долара за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Во август цената на нафтата се зголеми на месечно ниво, како резултат на знаците за затегната глобална понуда и очекувана зголемена побарувачка во текот на остатокот од годината. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 12,6%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во август 2023 година, цената на природниот гас регистрира раст од 9,3% на месечно ниво. На годишно ниво цената на природниот гас во август 2023 година се намали за 79,7%. Овој тренд на намалување на цената на природниот гас започна при крајот на 2022 и продолжи во 2023 година.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во првата половина од 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во август 2023 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 100,41 евро за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 5,7%, а на годишно ниво регистрира пад од 79,7%.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенси (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |

Извор: World Bank, Hungarian Power Exchange

Во август 2023 година, цените на основните метали регистрираа наизменични движења. Намалување на цените на месечно ниво се забележува кај: калајот за 9,3%, никелот за 3,1%, бакарот за 1,5% и алуминиумот за 1,1%. Раст на цените регистрираа оловото за 2,1% и цинкот за 0,1%.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Цената на железната руда регистрира пад од 3,7% на месечна основа.

Цената на златото во август се намали за 1,7%. Трендот на намалување на месечна основа го следеа и другите благородни метали, па така среброто и платината се намалија за 3,4% и 2,7%, соодветно.

Цените на пченката и пченицата на светските берзи во август 2023 година се намалија за 14,3% и 7,6%, соодветно, на месечна основа. Цената на сончогледовото масло регистрира пад од 4,8% во споредба со претходниот месец.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите осум месеци од 2023 година изнесува 12.802,5 милиони евра и бележи пад од 3,7% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - август 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 1,7 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 61,7%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите осум месеци од 2023 година изнесува 24,9% и е зголемено за 1,8 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

[1]Започнувајќи од август2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите осум месеци од 2023 година изнесува 5.502,9 милиони евра и бележи раст од 2,0% (106,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 5,8%.




Вредноста на извезените стоки во август 2023 година изнесува 555,1 милион евра и бележи пад од 11,8% (74,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 10,0% споредено со август 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, извозот во август 2023 година бележи пад од 20,3% (141,0 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 12,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (7,6 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите осум месеци од 2023 година е зголемена за 20,0 милиони евра, што претставува раст од 6,9% во однос на истиот период од 2022 година. Растот на вредноста на извозот на храна главно се должи на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на извезената храна е намалена за 8,3%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите осум месеци од 2023 година изнесува 5,8% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.




Анализирано според економските групации[2] на земјите, во периодот јануари - август 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите:

[2] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 2,4% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан раст од 5,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и во земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,0% и 12,2%, соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - август 2023 година изнесува 7.299,6 милиони евра и бележи пад од 7,6% (597,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот пад од 1,1%.

Вредноста на увозот во август 2023 година изнесува 864,2 милиона евра, што претставува пад од 11,9% (116,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените количини стоки се зголемени за 20,5% споредено со август 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, увозот во август 2023 година бележи пад од 3,7% (33,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 2,9%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (0,8 п.п.) врз увозот овој месец.




Вредноста на увозот на храна во првите осум месеци од 2023 година е зголемена за 58,6 милиони евра, што претставува раст од 10,3% во однос на истиот период од 2022 година. Растот на вредноста на увозот на храна главно се должи на зголемените цени на храната на меѓународниот пазар, имајќи предвид дека количината на увезената храна е намалена за 2,6%. Во структурата на вкупниот увоз на нашата земја учеството на храната во првите осум месеци од 2023 година изнесува 8,6% и е зголемено за 1,4 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2022 | I-VIII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 106,7 | 88,7 | -18,0 | -16,8 |
| Мил.ЕУР | 108,0 | 69,4 | -38,6 | -35,8 |
| Мил.$ | 115,2 | 75,3 | -39,9 | -34,6 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2022 | I-VIII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 844,4 | 826,7 | -17,7 | -2,1 |
| Мил.ЕУР | 758,4 | 587,8 | -170,6 | -22,5 |
| Мил.$ | 808,9 | 637,9 | -171,0 | -21,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2022 | I-VIII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 50,9 | 52,8 | 1,9 | 3,8 |
| Мил.ЕУР | 1.606,8 | 1.615,9 | 9,1 | 0,6 |
| Мил.$ | 1.724,5 | 1.753,3 | 28,8 | 1,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2022 | I-VIII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 20,8 | 18,7 | -2,1 | -10,1 |
| Мил.ЕУР | 125,0 | 120,9 | -4,1 | -3,3 |
| Мил.$ | 134,4 | 131,3 | -3,2 | -2,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2022 | I-VIII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 475,0 | 447,6 | -27,4 | -5,8 |
| Мил.ЕУР | 596,0 | 401,7 | -194,3 | -32,6 |
| Мил.$ | 645,1 | 435,7 | -209,3 | -32,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2022 | I-VIII-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 514,8 | 427,5 | -87,3 | -17,0 |
| Мил.ЕУР | 464,6 | 325,8 | -138,8 | -29,9 |
| Мил.$ | 502,2 | 353,4 | -148,8 | -29,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - август 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 28,1% односно 703,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во август 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 11,9% односно 41,7 милиони евра споредено со август 2022 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари - август 2023 година 79,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Италија, Полска, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 91,8% од трговската размена во периодот јануари - август 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 2,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,8% и 89,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,8 п.п., а кај увозот за 1,7 п.п. во однос на периодот јануари – август 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-VIII-2022 | | | | | I-VIII-2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 3.588,0 | 6.930.171.154 | 61,6392 | 427.170.205.820 | 87,8 | 4.054,7 | 6.532.338.929 | 61,5826 | 402.278.415.313 | 89,5 | -397.832.226 | -5,7 |
| УСД | 1.203,1 | 975.798.190 | 57,4504 | 56.059.996.310 | 11,5 | 680,5 | 770.323.382 | 56,7779 | 43.737.343.949 | 9,7 | -205.474.808 | -21,1 |
| ГБП | 1,1 | 12.851.711 | 73,1015 | 939.479.381 | 0,2 | 1,3 | 14.435.908 | 70,6403 | 1.019.756.877 | 0,2 | 1.584.197 | 12,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.792,2 | | | 484.169.681.511 | 99,3 | 4.736,6 | | | 447.035.516.139 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.801,3 | | | 486.765.215.183 | 100,0 | 4.747,6 | | | 449.566.914.553 | 100,0 | | -7,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2023 година изнесуваа 175.738 милиони денари, односно 19,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 12,0% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со август претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 13,8%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи, придонесите и во помал обем на неданочните приходи (придонес од 9,7 п.п., 6,5 п.п. и 0,8 п.п соодветно). Притоа, даночните приходи во август 2023 година забележаа раст од 17,6% на годишна основа, како резултат на растот на приходите од сите даноци со исклучок на акцизите и други даноци.

Графикон 3.1: Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – август 2023 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 98.220 милиони денари што значи дека се повисоки за 7,2% во однос на периодот јануари – август 2022 година, како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите и увозните давачки.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 44,5% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 43.724 милиони денари и бележат зголемување од 4,7% во однос на периодот јануари – август претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 71.068 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 27.344 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 0,3%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 7,5% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од

увоз којшто забележува пониско остварување за 7,3%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 18,1%. Акцизите се остварени во износ од 17.836 милиони денари (учество од 18,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,6% во споредба со периодот јануари – август 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока остварени се вкупно 61.560 милиони денари, што претставува 62,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – август 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 16.842 милиони денари и бележат раст од 15,3% на годишна основа, а притоа 65,8% од приходите се од плата и други лични примања, 9,0% од приходи од капитал, 8,5% од приходи по основ на договор на дело, 6,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,6% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – август 2023 година изнесуваа 12.191 милион денари и забележаа поголемо остварување за 7,0% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 20,3%, а даночните биланси се намалени за 10,1%.

Приходите од царина изнесуваат 7.182 милиона денари и забележаа зголемување од 10,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 445 милиони денари забележаа зголемено остварување за 1,4% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 58.862 милион денари, што претставува поголемо остварување за 19,5% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,5%, кај придонесите за вработување за 18,8% и кај придонесите за здравствено осигурување за 19,5%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 10.543 милиони денари и во однос на периодот јануари – август 2022 година забележаа пониско остварување за 3,7% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 650 милиони денари, што претставува намалување од 61,2% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка изнесуваат 6.311 милиони денари или за 224,5% повисоки во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2023 година изнесуваа 202.795 милион денари, односно 22,9% од БДП, што е за 20,7% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со август претходната година, буџетските расходи бележат зголемување за 8,6%, што се должи на растот на тековните трошоци од 10,1%, додека капиталните трошоци бележат пад од 18,6%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – август 2023 година, тековните расходи во износ од 176.505 милиони денари учествуваа со 87,0% и се зголемени за 12,3% во однос на периодот јануари – август 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 23.231 милион денари, што претставува зголемување

Графикон 3.2: Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

за 10,1% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 12.700 милиони денари и споредено со периодот јануари – август 2022 година забележаа зголемување од 8,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 131.161 милион денари. Средствата за трансфери бележат раст од 12,2% во однос на периодот јануари – август 2022 година, а учествуваа со 64,7% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 12,7% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 95.635 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 47,2%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 58.760 милиони денари, што преставува зголемување за 15,0% споредено со периодот јануари – август 2022 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 29,0%. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 10,7%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 16.517 милиони денари, поточно тие се зголемени за 2,8%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 15.222 милиона денари бележат зголемување од 16,1% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, реализацијата на средствата за капитални расходи изнесува 26.290 милиони денари со структурно учество од 13,0% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 142,3% во споредба со периодот јануари – август 2022 година.

Графикон 3.3: Буџетски остварувања (во %)




Извор: МФ.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – август 2023 година реализира 38.908 милиони денари или 72,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,2%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 26.130 милиони денари или 74,9% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,6% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 72,2% (9.171 милион денари) од планираните за 2023 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 21.020 милиони денари, што е 64,7% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (61,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 12.833 милиони денари или 66,4% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,9%, за што се потрошени 3.559 милиони денари, односно 67,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – август 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 7.891 милион денари, што претставува 62,0% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 69,9%, за што се потрошени

5.515 милиони денари или 64,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 21,2%, и за таа намена беа реализирани 1.674 милиони денари или 70,5% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.517 милиони денари што претставува 74,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 94,0% во вкупните расходи, реализирани се 84,0% од планираните средства за цела година, односно 6.125 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – август 2023 година реализира 9.188 милиони денари, што е 54,0% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 37,9%, па за таа намена реализацијата во овој период изнесува 3.480 милиони денари (69,6% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 27,4% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 2.516 милиони денари, односно 40,3% од вкупно предвидените.

Графикон 3.4: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(август 2023 година)*




Извор: МФ.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – август 2023 година реализира вкупно 5.529 милиони денари, односно 30,8% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со високи 72,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.018 милиони денари (77,8% од предвидените средства).

Министерството за здравство во периодот јануари – август 2023 година изврши буџетски средства во износ од 3.526 милиони денари или 50,8% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 45,9%, за што се потрошени 1.618 милиони денари или 53,9% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.589 милиони денари (50,1% од планираното за годината) и учество од 45,1% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализира средства во износ од 13.352 милиона денари, што е 66,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 94,6% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (12.633 милиони денари или 67,0% од вкупно планираните средства).

Во јануари – август 2023 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 821 милион денари, што претставува 39,5% од предвидените за 2023 година. Плати и надоместоци (341 милион денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 41,6%, а притоа се реализирани 63,9% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 36,6% од вкупните расходи, за што се реализирани 301 милион денари или 31,7% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – август 2023 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 27.057 милиони денари, што претставува 3,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 28.202 милиона денари и претставува 3,2% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – август 2023 година изнесува 63,3% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

Графикон 3.5. Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во август 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 128.757 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 0,1%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година бележи тренд на годишен раст, кој во последните две години, освен овој месец, беше прекинат во октомври 2022 година и уште двапати во 2023 година (во февруари и јуни). Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување забави поради негативните ефекти од пандемијата.

Од вкупниот број нововработени, 41,2% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во август 2023 година, 13,2% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вкупниот број невработени лица во август 2023 година изнесува 149.035, од кои 104.729 се активни баратели на работа, а 44.306 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,7%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 2.169 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица којшто беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (59,7%) е градско население, а според половата структура 48,7% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,9% е со непотполно средно образование или помалку, 24,1% со завршено средно образование, додека 8,0% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2023 година оствари годишен раст од 14,1%, а во однос на јуни 2023 година таа е пониска за 0,7%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јули 2022 година се забележува во следните сектори: Градежништво (19,5%), Образование (17,2%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (16,8%). Реалните плати во јули 2023 година забележаа годишен раст од 5,3%.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Највисока просечна нето-плата во јули 2023 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (69.322 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (91.970 денари), по што следат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 51.559 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (46.918 денари) и секторот Рударство и вадење камен со просечно исплатена нето-плата во висина од 46.501 денар.

Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во јули 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 14,4%, а на месечна основа таа е пониска за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јули 2023 година во однос на јули 2022 година се забележува во


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0




следните сектори: Градежништво (19,7%), Образование (17,7%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (17,2%). Реалната бруто-плата во јули забележа годишен раст од 5,6%.

## Пензии

Во август 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 335.935 пензионери. Од вкупниот број пензионери 69,6% се корисници на старосна пензија, 22,3% на семејна пензија и 8,1% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во август 2023 година изнесува 19.044 денари и таа е за 16,4% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[3]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите, според новата методологија којашто предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Согласно оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.




Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,5%.

Просечната старосна пензија во август 2023 година изнесува 20.568 денари, просечната инвалидска пензија 16.958 денари, а просечната семејна пензија 15.053 денари. За исплата на пензиите во август 2023 година потрошени се 6.306 милиони денари, што претставува 53,0% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во август 2023 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка за 0,15 п.п., односно од 6,0% на 6,15%.

Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( август 2023 година)




Извор: НБРСМ.

Во август, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена исто така се зголемија за по 0,15 п.п. и изнесуваат 4,05% и 4,10%, соодветно.

## Примарни пари

Во август 2023 година, примарните пари[4] се зголемија за 7,6% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 16,3%, додека готовите пари регистрираа незначително зголемување за 0,3%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 7,4%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките и на готовите пари во оптег за 8,0% и 6,7%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во август 2023 година се зголемија за 0,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата имаа доминанто учество во растот и тие се зголемија за 3,1%, додека депозитите на домаќинствата се намалија за 1,0%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***511.377*** | ***0,2%*** | ***10,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *283.652* | *-0,6%* | *12,0%* |
| *Странска валута* | *227.725* | *1,2%* | *7,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *218.719* | *1,0%* | *4,4%* |
| *Долгорочни* | *110.391* | *0,6%* | *20,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***434.701*** | ***0,3%*** | ***6,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *248.928* | *0,8%* | *5,1%* |
| *Странска валута* | *185.773* | *-0,4%* | *8,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *66.762* | *-0,3%* | *-1,3%* |
| *Долгорочни* | *352.629* | *0,3%* | *8,6%* |

Извор: НБРСМ

Од аспект на валутата, во август 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 0,6%, додека депозитете во странска валута се зголемија за 1,2%.

Вкупниот депозитен потенцијал во август 2023 година оствари раст од 10,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 12,0% и 7,7%, соодветно, на годишно ниво.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 19,0% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 7,0%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,4%, а долгорочните депозити за 20,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,5%.

## Кредити на банките

Во август 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,3% на месечно ниво, во услови на пад на кредитирањето на претпријатијата за 0,3%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 0,7%.

Од аспект на валутата, во август 2023 година денарските кредити се зголемија за 0,8% на месечно ниво, додека девизните кредити се намалија за 0,4%.

На годишна основа, во август 2023 година вкупните кредити се зголемија за 6,4%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата од 5,8% и 6,7%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,1%, а кредитите во странска валута за 8,1%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,6%, додека краткорочните кредити се намалија за 1,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите остана непроменета во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,49%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,04 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,67%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,29%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во август 2023 година се зголеми за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,55%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,06 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,99%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 1,19%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,92%, а на новоодобрените девизни кредити 4,67%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,75% и 1,69%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во август 2023 година регистрира пад од 0,7% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 16,9%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 55,3%.

Вкупниот промет на берзата во август 2023 година изнесува 195 милиони денари и тој е намален за 40,6% на годишно ниво.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на август 2023 година изнесува 5.724,8 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 0,9%, а во однос на истиот месец претходната година за 0,7%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на август 2023 година изнесуваа 3.934,23 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 3,5%, а во однос на август 2022 година за 19,7%.